Беа поставени повеЌе информативни Штандови од кои матурантите можеа да се информираат и запознаат со разните наставни програми кои можат да се следат на МаШинскиот факултет.




Во рамките на организираната наградна игра, на која учествуваа сите присутни матуранти, се поделија пригодни награди, меЃу кои и 3 стипендии.

МаШинскиот факултет, во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” учествуваШе на саемот за образование “Денови на Образование и кариера“ кој се одржа на Скопскиот саем во периодот од 08 до 10.04.2009 година.

## ПОСЕТА

Во рамките на ТЕМПУС проектот “Развој на постдипломски студии по индустриски дизајн и маркетинг“ група од деветмина наШи студенти и наставниците проф. Татјана Кандикјан и вон. проф. Софија Сидоренко, престојуваа во Ахен, Германија, во периодот од 28.03.2009 до 4.04.2009. Тројцата студенти од постдипломските студии по индустриски дизајн и маркетинг и Шестмината дипломци од насоката индустриски дизајн, имаа незаборавна можност да разменат искуства со своите колеги од универзитетот за применети науки во Ахен.



Посетата беШе исполнета со многубројни активности, кои започнаа со меЃусебно запознавање преку презентирање на резултатите од досегаШната работа на заедничкиот проект - дизајн на урбано возило.

Посетата на дизајн студиото на Johnson Controls во БурШајд беШе извонредна прилика за сите да се запознаат со работата на овој врвен производител на ентериери на возила. Не помалку значајни беа предавањата од областа на маркетингот и историјата на дизајнот на возила. Беа одржани и две работилници, едната од областа на маркетингот, а втората од областа на професионалната изработка на модели на возила од глина.

Се очекува возвратна посета на студентите од Ахен на почетокот на јуни оваа година.

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА

На 30 Април во 12:00 часот во просториите на Амфитеатарот на МаШинскиот факултет Ќе се изврШи презентација на програмите на US State Department.

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на март/април 2009 год оствариjа долунаведените наставници и соработници:

1. Проф. д-р Атанаско Тунески во рамките на Темпус проект оствари посета на Универзитетот во Фиренца, Италија.
2. Проф. д-р Зоран Пандилов во рамките на научниот проект реализира службено патување во Прага, Р.ЧеШка.
3. Проф. д-р Марко Серафимов во рамки на проектот Пактот за стабилност на Југоисточна Европа, реализира службено патување во Германија.
4. Проф. д-р Милан ќосевски реализира службено патување во Словенија и Германија заради пренесување искуства во акредитација на технички служби.
5. Проф. д-р Радмил ПоленаковиЌ реализира престој на Универзитетот во Сфакс, Тунис, во рамки на програмата за Претприемачко учење во високото образование.
6. Проф. д-р Татјана Кандикјан и проф. д-р Софија Сидоренко заради обука за новонабавена опрема во рамки на Темпус проект оствариjа престој на Факултетот за индустриски дизајн и маркетинг во Ахен, Германија.
7. Проф. д-р Атанас Кочов во рамки на активностите со проектот за почисто производство и УНИДО реализира службени патувања во Австрија и Данска.
8. Доц. д-р Игор ѓурков и асс. м-р Александар КостиЌ реализираа службено патување во Белград, Р. Србија, заради учество со сопствен труд на научнот собер "Наука и Моторни возила 2009".
9. Доц. д-р Виктор Гаврилоски реализира службено патување во Бугарија со цел водење разговори со колегите од Техничкиот универзитет во Софија, за апликација на Темпус проект.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**01.05.2009**
**ДЕН НА ТРУДОТ**

**24.05.2009**
**„СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ДЕН НА СЕСЛОВЕНСКИТЕ ПРОСВЕТИТЕЛИ**
**ОДНОСНО 25 МАЈ (ПОНЕДЕЛНИК) Е НЕРАБОТЕН ДЕН**

**21.05.2009**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**28.05.2009**
**9 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Жарко ВасиљевиЌ, дипл. ел. инж.*
*Борис РоШков, дипл. ел. инж.*

**Година 2009, април, број 80**

# ФАКУЛТЕТСКИ МФС ИНФОРМАТОР

## ОТВОРЕН ДЕН НА МФС

Традиционалниот Отворен ден во организација на МФС се одржа на 25.04.2009 год. ПовеЌе од стотина идни студенти ги посетија просториите на МФС при Што им се даде можност лично да се уверат во перспективите за студирање Што ги нуди наШиот факултет.

